ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: Фонд за здравствено осигурување на Македонија
Дата: 21.09.2010

# Повторна реакција по повод објавената статија од А1 телевизија со наслов „**Нема доволно импланти за децата со оштетен слух**“

Почитувани,

Изразуваме жалење за непрофесионалниот однос на А1 телевизија. Необјавувањето на ставот на Фондот за здравствено осигурување во прилогот и необјавувањето на нашата реакција на некоректното известување, непретставувањето на фактите и вршењето на манипулација во прилогот, се грубо кршење на етичките принципи на новинарската професија.

На овој начин А1 телевизија не придонесува во решавањето на прашањето кое не е создадено од актуелното раководство на Фондот и кое се обидуваме да го решиме согласно нашите ингеренции, факт кој од за нас необјасниви причини А1 упорно се труди да го прикрие.

Изразуваме благодарност до останатите медиуми за коректниот пристап при известувањето за оваа тема.

Со почит

Бранко Аџигогов

Портпарол на Фондот за
здравствено осигурување на Македонија